Бр. 09-474/1
21-05-2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата на триесеттата седница одржана на ден 18.05.2020 година донесе

***Одлука***

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-474/1 од 01.01.2020 година доставена од анонимна пријава СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување по предметот со број 09-474/1 од 01.01.2020 година.

Предметот со број 09-474/1 од 01.01.2020 година да се затвори и да се архивира.

***Образложение***

Предметот е оформен во Одделението за спречување на корупцијата( со архивски број 12-3783/1 од 06.08.2019 година) по добиена анонимна пријава, со наводи за неправилности при вработувњето на ицето __________, сопруга на ______________________________. Во пријавата се наведува дека ___________ ________ на незаконски начин ја има вработено својата сопруга во _____ ______________.

Државната комисија, на колегиум одржан на 13.11.2019 година, при разгледување на предметните наводи, го донесе следниот заклучок:

Предметот со број 12-3783/1 од 2019 година кој оформен врз добиена анонимна пријава со број 12-3783/1 од 06.08.2019 година, се преквалификува односно се префрли во Одделениео за спречување на судир на интереси при Државната комисија.

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел утврдување на фактичката состојба, согласно своите законски надлежности писмено се обрати до надлежни институции за прибавување на потребните податоци и информации.

Побараните податоци од наведените институции беа уредни доставени во законскиот рок и по извршениот увид во истите се констатирани следниве состојби:

Посоченото лице ________ никогаш не била вработена во ___________. Во истата насока, таа не била преземана ниту од, ниту преку _________ при нејзино вработување;


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Но лицето _______ порано е вработена во __________, а од таму од 14.02.2018 година е превземена во ___ __________.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека во истата нема елементи, ниту индиции за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Бесник Џемаиљи, советник
Одобрил: Горан Трпеноски, член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk